ADING

# РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф

*Еднокомпонентна смеса на цементно полимерна основа и фибри, наменета за санација и репарација на бетонски и армиранобетонски елементи. Одговара на: EN 1504-3 и ASTM C 67*

## Област на примена:

РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф се користи за санација на оштетени бетонски и армиранобетонски конструкции, како И елементи од цементен малтер, како што се: армиранобетонски мостови, платна, силоси, базени, резервоари, канали и фасадни цементни малтери.

## Својства:

- Одлична адхезија за подлога;
- Ја спречува можноста за појава на прснатини;
- Високи јакосни карактеристики на притисок и свиткување;
- Едноставен за подготовка и изведба;
- Не е потребен специјален алат за нанесување;
- Отпорен на атмосферски влијанија;
- Еколошки;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Сив прашок |
| Свежа волуменска маса: | 1,9 г/см$^3$ |
| Јакост на свиткување: (EN 1015-11) | |
| -на 7 дена | 6,0±2 МПа |
| -на 28 дена | 10,0±3 МПа |
| Јакост на притисок: (EN 1015-11) | |
| -на 7 дена | 17,0±2 МПа |
| -на 28 дена | 35,0±3 МПа |
| Атхезиона јакост: (EN 1015-12) | 1,35±0,2 МПа |
| Време на врзување: (EN 196-3) | |
| -почеток | 3 часа |
| -крај | 8 часа |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф, треба да биде чиста, да бидат отстранети сите лабилни делови, обезпрашена, обезмастена и добро натопена со вода. Температурата на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од 5°С до 30°С.
Кај санација на стари оштетени армиранобетонски елементи, видливата арматура треба добро да се исчисти од корозија (со челични четки или пескарење), и да се заштити со соодветен материјал АНТИКОРОЗИН или АНТИКОРОЗИН-Е

## Вградување:

Врз подлогата се нанесува предпремаз од Репаратур малтер-пенетрат со четка.
Смесата од РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф, се приготвува со додавање на вода во тежински однос означен на амбалажата, при што се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација.
Смесата се остава да одлежи до 20 минути, а потоа повторно се промешува. Нанесувањето на Репаратур малтер-Ф се врши со шпахтла или метална глетарка, во период од 30 до 120 минути по нанесување на претпремазот. Максимална дебелина на слој во една постапка е 1,5 см.
За поголеми дебелини се произведуваат соодветни видови РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф, (2 и 4).
За дебелина на слој до 2,5 см., се применува РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф2.
За дебелина на слој до 3,5 см., се применува РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф4.
Доколку е потребно да се добие глатка завршна површина, се глетува со полимерцементна смеса за глетување РЕПАРАТУР ГЛЕТ.

## Потрошувачка:

За слој со дебелина од 1,0 cm, од 18 до 20 кг/м².

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 30 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите. При инцидентен контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Репаратур малтер-Ф е незапалив
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@t-home.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk